Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел дневните настани 02.10.2021

Полициски службеници од САЕ Тигар во координација со АНБ на 02.10.2021 во 01.40 часот во месноста Лавчани на територија на Велес го приведоа З.Н. (30) од с. Батинци кој се барал со потерница поради основано сомнение за повеќе сторени кривични дела, меѓу кои две „убид за убиство". Лицето ќе биде предадено на надлежното обвинителство.

На 01.10.2021 во 15.40 часот во СВР Скопје Д.А.(25) од Велес пријавил дека на бул.Борис Трајковски бил каснат од куче скитник.

На 01.10.2021 во 22.40 часот во близина на наплатна станица на автопат Велес - Градско од полициски службеници од СВР Велес е приведен Ј.Р.(44) од Гостивар, кој се барал со потерница од Основен суд Гостивар за издржување на казна затвор од две години за извршено кривично дело „тешка кражба" казниво по чл.236 ст.1 од Кривичен законик. Лицето ќе биде предадено на казнено поправна установа.

На 01.10.2021 во 23.15 часот во СВР Скопје В.П.(53) од Скопје пријавил дека на ул.Јани Лукровски бил каснат од куче скитник.

Во текот на вчерашниот ден (01.10.2021) Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возилата кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 265 возачи. Од нив, 16 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 107 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 158 надвор од населено место.

На 01.10.2021 во 10,50 часот во Кочани, на крстосницата од ул.„Теодосија Паунов" и ул.„Крсте Мисирков" пагачко моторно возило „Долсваген пасат" со кочански регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(49) од Оризари,кочанско, удрило во пешакот Т.Т.(75) од Кочани. Т.Т. се здобил со тешки телесни повреди, а лекарска помош му е укажана во комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на лице место извршила увидна екипа на ОВР Кочани.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (01.10.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 185 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 39, 11 за возење без возачка дозвола, пет за непропишано престројување.Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон, пет прекршоци што ги чинат пешаците, четири за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли, 76 за непропишано паркирање.

На 01.10.2021 во 16.00 часот во Скопје на ул.„Владимир Полежановски" патничко моторно возило „хундаи" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(37) од Скопје, удрило во малолетен пешак од Скопје. Малолетничката била пренесена во комплекс клиники „Мајка Тереза" каде и бил констатиран тешки телесни повреди. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје.

На 01.10.2021 во 05,50 часот во Гевгелија од полициски службеници од Полициска станица Гевгелија биле приведени и задржани Е.М.(21), Г.Ш.(30) и А.Л.(22) сите од Р.Србија поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". Лицата се спроведени пред јавен обвинител каде од страна на судија на претходна постапка им е одредена мерка притвор во траење од 30 дена и се предадени во Истражен затвор – Скопје за понатамошна постапка.

На 01.10.2021 во 19,40 часот на ул.Волковска во Скопје е пријавена сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „рено лагуна" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.Г.(51) од Скопје, и патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ж.Ѓ.(31) од Скопје. Со повреди се здобиле возачот Ж.Ѓ. и малолетна сопатничка од Скопје, додека сопатничката С.Ѓ.(32) од Скопје се здобила со тешки телесни повреди констатирани во комплекс клиники „Мајка Тереза" каде им била укажана лекарска помош. Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје.

Во текот на изминатото деноноќие (01.10/02.10.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 66 прекршоци.

На 01.10.2021 во 22.40 часот во близина на трговски центар на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција, СВР Скопје се лишени од слобода К.И.(27) и М.Р.(26) двајцата од Скопје затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.10.2021 во 21.50 часот на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција- СВР Скопје се лишени од слобода Г.М.(20) и А.У.(25) двајцата од Гостивар затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.10.2021 во 21.15 часот на кеј на река Вардар на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција- СВР Скопје се лишени од слобода Љ.П.(56) и Д.С.(25) двајцата од Скопје затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.10.2021 во 21.15 часот на кеј од река Вардар на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција, СВР Скопје е лишен од слобода С.А.(48) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против В.К.(48) од Штип, поранешен извршител именуван за подрачје на Куманово, Кратово и Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотеба на службена положба и овластување". Пријавената ги пречекорила своите овластувања на начин што, по бараење за спроведување на извршување од доверител против должник, за спроведување на извршување во вредност од 40.923 денари, објавила продажба на јавно наддавање на недвижноста, а по претходна проценка и вештачење со вкупна сума од 949.000 денари и донела налог за извршување врз недвижноста од 17.01.2018 каде го спровела извршувањето на недвижноста.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ш.А.(58) и М.А.(17), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 06.03.2021 околу 12.00 часот, при влез во Затворот Идризово, затворската полиција извршила претрес над пријавените, при што кај нив пронашле и одзеле марихуана и хероин, кои имале намера да му ги предадат на синот на Ш.А., кој издржувал затворска казна во Затворот Идризово.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Б.(39) и Џ.Ш.(60), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 26.03.2021 во Тетово, полициски службеници ги затекнале пријавените како вршат примопредавање на марихуана, која била пронајдена при преглед на возилото на Џ.Ш.

На 01.10.2021 во 21.19 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Арачиново, скопско неколку лица со тврд предмет оштетиле врата на штаб на политичката партија при што влегле и одземале прехранбени производи.Увид на лице место извршила екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово е лишен од слобода Г.Џ.(49) од Тетово, поставувајќи по пријава во 01.45 часот од М.Џ.(35) од Тетово дека физички ја нападнал и упатувал закани со остар предмет. Известен е јавен обвинител за понатамошна постапка.

На 01.10.2021 во 18.50 часот во Штип полициски службеници го привеле И.Р.(27) од Штип, за кој постои основано сомнение дека е сторител на кривични дела „кражба" и „тешка кражба" казниви по член 235 и 236 од Кривичниот законик, кој исто така физичка нападнал полициски службеник. За настанот е известен јавен обвинител и по расчистување на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.10.2021 во 22.35 часот во СВР Скопје Ф.Ф.(33) од с.Грчец, скопско пријавил дека во близина на бензинска пумпа во с.Сарај,скопско по претходно случена сообраќајна несреќа помеѓу Ш.С. сопственик на патничко моторно возило „голф" со скопски регистарски ознаки и Ф.И. сопственик на патничко моторно возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, поминале две лица со мотоцикл при што испукале еден куршум во воздух и се упатиле кон с.Сарај. Според пријавеното како можен сторител е посочен З.Ш. од с.Крушопек. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2021 во 09.15 часот во СВР Скопје З.К.(40) од Скопје пријавил дека на 30.09.2021 околу 18.00 часот од приватната установа за социјална заштита на стари лица на подрачје на Петровец се одалечил нивниот корисник Т.Т.(83) од Скопје, кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.10.2021 во 11.30 часот во СВР Скопје Т.К.(39) од Скопје пријавила дека на 17.09.2021 околу 22.30 часот во населба Драчево нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од К.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2021 во 03.05 часот во СВР Скопје В.К.(60) од Скопје пријавил дека околу 02.30 часот во хотел на подрачје на Центар по претходно недоразбирање бил физички нападнат од Б.Д.(46) од Скопје, по што во 08.00 часот Б.Д. пријавил дека околу 07.00 часот пред хотелот бил физички нападнат од едно лице кое било обезбедување во хотелот. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.10.2021 во 23.55 часот во СВР Скопје Д.Т.(36) и А.Ѓ(27), двајцата од Скопје, пријавиле дека околу 23.40 часот во близина на здравствена установа на подрачје на Аеродром биле физички нападнати од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2021 околу 20.10 часот во СВР Скопје од работен во Казнено поправна установа „Идризово" било пријавено дека А.С.(47) кој издржувал казна затвор и бил пуштен на отсуство на 30.09.2021, влегол во кругот на затворот при што истиот бил задржан и кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.10.2021 во 14.00 часот во СВР Штип А.А.(43) од Штип пријавил дека во Штип бил физички нападнат од Н.Д. и М.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2021 околу 15.00 часот во СВР Велес било пријавено дека во Велес дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ж.Џ.(66) и В.П. од една страна и Б.П. од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2021 околу 18.00 часот во Полициска станица Кавадарци З.Ч.(51) од Демир Капија пријавил дека околу 14.30 часот во објект во Кавадарци по претходно недоразбирање бил физички нападнат од Ј.П. од с.Тремник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2021 во 11.00 часот во СВР Тетово Ф.И.(36) од Тетово пријавил дека околу 08.15 часот во угостителски објект во Тетово бил физички нападнат од Б.Х.(43) од Тетово. Сочинет е записник за констатиран прекршок од ЗППЈРМ.

На 02.10.2021 во 00.02 часот во СВР Скопје А.М.(30) од с.Сарај, скопско пријавил дека во неговиот двор било опожарено неговото возило „голф-5". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2021 во 18,00 часот во Гостивар од полициски службеници од слобода се лишени И.М.(63) и П.М.(34) двајцата од Гостивар по претходна пријава во 17,20 часот од О.Р.(37) од Гостивар дека околу 15,15 часот во Гостивар по претходно недоразбирање околу сообраќајот тој и неговиот татко биле физички нападнати од пријавените. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.10.2021 во 21,45 часот во Гостивар од полициски службеници е лишен од слобода Х.Ш.(41) од Гостивар по претходна пријава од неговиот татко Ф.Ш.(72) од Гостивар дека околу 21,30 часот во Гостивар пријавениот со тврд предмет удирал по предмети во домот при што ги повредил пријавителот и неговата сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

При сообраќајни контроли извршени на 01.10.2021 од 15 до 19 часот, полициски службеници од полициската станица за безбедност во сообраќајот Охрид, регистрираа и санкционираа 10 возачи на моторни возила кои ја надминале дозволената брзина за движење со моторно возило во населено место и еден возач кој, надвор од населено место, управувал патничко моторно возило со поголема брзина од дозволената.

На 01.10.2021 во 10.41 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачје на Аеродром дде лица со закана од вработениот одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет